## *НИЗ СВЕТОТО ПИСМО со ДР. Џ. ВЕРНОН МЕКГИ*

**КНИГА:** Марко

**БИБЛИСКИ ТЕКСТ:** Марко 12

**ПРОГРАМА:** #4153

Време е да започнеме со денешното проучување. Но, пред да го направиме тоа, сакам да нагласам дека во текстот кој ќе го проучуваме денес, глава 12 од Марко, не е запишано ниту едно чудо. Неколкупати досега кажав дека ова е Евангелие од акција во кое има силен нагласок на чудата. Според тој стандард, некој можеби ќе помисли дека во оваа глава акцијата запира. Но, оваа, заедно со глава 13, се всушност затишје пред бура.

Да започнеме со генералниот преглед на глава 12.

1. Исус ги соочува религиозните водачи со нивните престапи, кажувајќи ја параболата за лозјето (стихови 1-12).
2. Исус им дава мудар одговор на фарисеите и Иродејците за плаќањето данок (стихови 13-17).
3. Исус ги соочува садукеите со нивниот скептицизам за воскресението на мртвите (стихови 18-27).
4. Исус зборува со еден од книжниците за најголемата заповед (стихови 28-34).
5. Исус ги прашува фарисеите за Месијата и значењето на Псалм 110 (стихови 35-40), и на крај
6. Исус зборува за дарежливоста додека го коментира доброволниот прилог на вдовицата (стихови 41-44).

Како што можете да видите, иако во оваа глава нема ниту едно чудо, сепак има многу акција. Господ Исус е Совршеното Пасхално Јагне, а во оваа глава започнува Неговата проверка. Сетете се дека според Стариот Завет, пасхалното јагне требало да биде проверено дали има некаков недостаток, пред да биде жртвувано. На ист начин, во овие стихови Исус е проверен бидејќи се соочува со гневот на неколку групи луѓе. Религиозните водачи се впуштаат во офанзива, и воопшто не го штедат со нивните прашања; затоа во овие стихови на некој начин читаме за битката помеѓу рајот и пеколот, Светлината и темнината, Бог и сатаната. Од таа гледна точка, не знам дали може да кажеме дека нема акција во оваа глава.

До овој момент, поминати се речиси три години во кои религиозните водачи постојано му се спротивставуваат на Исус преку вербални напади. Најинтересното е тоа што Исус не само што не ги избегнува тие напади, туку и секојпат ги надмудрува Своите противници. Некој можеби ќе помисли дека после толку порази, религиозните водачи ќе се откажат... но тоа не се случува. Продолжуваат со нивните обиди да го свртат народот против Него. Со оглед на тоа што му поставуваат многу прашања, Тој одговара со тоа што кажува едноставна и директна парабола во која покрај другото зборува и за Самиот Себе, но и за нив. Глава 12 започнува со оваа парабола, а нејзиното значење е очигледно!

## ПАРАБОЛАТА ЗА ЛОЗЈЕТО

Почнувам со читање на глава 12, стих 1:

> **И почна да им говори во параболи: „Еден човек насади лозје и го загради со ограда, па ископа бунар и соѕида кула; и откако им го предаде на лозарите, си отиде. (Марко 12:1)**

Лозјето е термин за Израел кој Исаија го користел векови претходно. Бог ги ослободил од Египет, ги насадил во ветената земја, и му се открил на народот. Всушност, тие биле единствениот народ на кој не му било дадено само Божјото откровение, туку и Божјото присуство. Ниту Црквата го нема доживеано тоа на ист начин како Израел.

Внимавајте што вели Господ Исус - ова се однесува на религиозните водачи во Неговото време.

**А кога дојде времето, испрати кај лозарите еден слуга, за да го прибере од нив плодот на лозјето. Но тие го фатија слугата, го натепаа и го испратија празен. И пак испрати кај нив друг слуга; и нему, со камења му ја расцепија главата, па го отпуштија посрамен. Испрати и друг; него, пак го убија; и мнозина други, или натепаа, или пак ги убија. Па, бидејќи имаше уште еден син, кој му беше мил, го испрати најпосле него кај нив, велејќи: ‚Ќе се засрамат од сина ми.' Но лозарите си рекоа меѓу себе: ‚Овој е наследникот! Ајде да го убиеме и наследството ќе биде наше!' И го фатија, го убија и го исфрлија надвор од лозјето. Што ќе направи, пак, господарот на лозјето? Ќе дојде и ќе ги погуби лозарите, а лозјето ќе го даде на други. Зар не сте читале во Писмото: ‚Каменот, што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник.' Од Господ е тоа, и чудесно е во очите наши." И сакаа да Го фатат, но се уплашија од народот, зашто разбраа дека за нив ја кажа параболата; па Го оставија и си отидоа (Марко 12:2-12)**

Многу е очигледно која е Неговата поента во оваа парабола. Слугите кои Бог ги праќа биле пророците. Сопственикот на лозјето е Бог Таткото. Лозјето е Израелскиот народ. Бог го избрал и го заштитил тој народ, а наемниците во лозјето се религиозните водачи. Затоа, Бог го праќа Неговиот Син, тоа е Господ Исус Христос, за кој во параболата се вели дека му е мил на Таткото. Ќе се сетите дека во Матеј 15:24 Тој вели: „Јас сум пратен само кај загубените овци на домот израелски." Но, Тој исто така дојде да донесе спасение и за целиот свет.

Преку оваа парабола, Господ Исус јавно го насочува вниманието кон религиозните водачи кои стојат пред Него. Тие веќе испланирале како да го погубат, а Тој ги вади нивните планови на виделина. Многу добро знае што се случува во нивните срца. Затоа им кажува што ќе направат и на некој начин ги обвинува за убиство уште пред да го предадат да биде распнат. Не само тоа, туку го претскажува и судот кој Бог ќе го изврши врз нив. Мислам дека станува збор за 70-тата година кога римскиот цар Тит влегол во градот Ерусалим и го уништил. По тој настан, влијанието на овие религиозни групи почнало да опаѓа.

Заклучокот на параболата е: Каменот, што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник.‘ Христос е камен за сопнување за религиозните водачи, но за оние кои веруваат во Него Тој е камен темелник и сигурносен камен. Пророкот Захарија зборувал за тоа. Во 4:7 пишува: „Која си ти, планино голема, пред Зоровавел: пред него си рамнина и тој ќе го изнесе каменот темелник со восклик: благодат, благодат врз него!“

Религиозните водачи не сакаат да го уапсат и погубат во овој момент, бидејќи се плашат од народот. Но, со оваа парабола за лозјето, започната е нова вербална војна помеѓу нив и Исус. Забележете што пишува во стих 13:

> **А пратија кај Него некои од фарисеите и од Иродовците, за да Го фатат на збор. Тие дојдоа и Му рекоа: „Учителе, знаеме дека си правичен и дека не се плашиш од никого, зашто не гледаш кој е кој, туку вистински поучуваш за патот Божји. Треба ли да му се дава данок на царот или не? Да даваме ли, или да не даваме?“ (Марко 12:13-14)**

Еве на кој начин се справува со нив:

> **А Тој, знаејќи ја нивната лицемерност, им рече: „Зошто ме искушувате? Донесете ми еден денариј да го видам!“ (Марко 12:15)**

Зошто бара денариј? Да ги искористи нивните пари со цел да ги научи нешто. Но, јас мислам дека Тој нема пари кај себе, затоа бара од нив. Можете ли да го замислите тоа? Славниот Бог нема денариј во Неговиот џеб. Нема кредитни картички како што јас и ти имаме денес. Искрено, јас имам неколку ама не можам многу да ги користам.

Религиозните водачи му даваат денариј, и наместо да им одговори, Тој им поставува прашање. Ако каже: „Треба да се плаќа данок на царот“, некои луѓе ќе помислат дека тоа е предавство кон сопствениот народ. Од друга страна, ако каже: „Не треба да се плаќа данок“, тоа би предизвикало бунт, зарем не? Религиозните водачи мислат дека го фатија во небрано, но не е така. Исус одговара: „Дајте му го царевото на царот, а Божјото на Бога.“ Со тоа, ги остава Своите противници зачудени и без зборови.

Патем, ова е многу добар доказ дека Божјото дете има двојна одговорност. Всушност, одговорноста е повеќекратна. Пред некое време ми пристапи еден човек и ми рече: „Татко ми е во болница. Мајка ми е болна, а имам пари кои ги тргнав на страна за да ги дадам во црква. Што да правам? Да им помогнам со парите или да ги дадам на црквата?“ Му реков: „Ако не им помогнеш на родителите, што ќе се случи со нив?“ Ми одговори: „Ќе имаат големи потреби и ќе треба да чекаат помош од некој друг.“ Мојот краен одговор беше: „Тогаш, твојата главна одговорност е да се грижиш за нив.“ Сите ние имаме повеќекратни одговорности и обврски; кон семејството, Црквата, но да не ја заборавиме и државата.

Кога ќе видам колку данок плаќам на државата, не можам да кажам дека ми е сеедно. Кога гледам како живеат политичарите во мојата држава и колку корупција има во владата, на моменти ми доаѓа да не плаќам данок. Но, ќе продолжам да плаќам! Јас имам одговорност кон државата, кон луѓето кои ги сакам, кон црквата, имам одговорност и кон тебе денес. Мојата одговорност е доследно да ти го пренесам Божјиот Збор. Мојата мисија не е да се промовирам себе или организацијата во која работам, туку да го промовирам Божјиот Збор. Преку овие стихови Господ Исус сака да ни каже дека сите ние имаме многубројни одговорности, како кон Бог, така кон државата, кон луѓето околу нас итн.

Забележувате ли дека со овие Негови зборови, Тој исто така ги замолкнува и Иродејците, чија главна цел била да го одржат Ирод на тронот како локален владетел? Продолжуваме со читање; стих 18:

> **Дојдоа кај Него и садукеите, кои велат дека нема воскресение (Марко 12:18а)**

Садукеите се либералните теолози во времето на Исус, кои го негираат постоењето на натприродното.

> **па Го прашаа, говорејќи: „Учителе, Мојсеј ни напиша: ‚Ако некому умре братот и остави жена, а деца не остави, тогаш брат му нека ја земе жената негова и нека го подигне потомството на својот брат.‘ Беа седуммина браќа: првиот зеде жена и кога умре, не остави пород. Неа ја зеде вториот брат, и умре, но и тој не остави пород; исто така и третиот. Ја зедоа сите седуммина, и не оставија пород. По нив умре и жената.**

> **При воскресението, кога ќе воскреснат, на кого од нив таа ќе биде жена? Зашто седуммина ја имаа како жена.“ А Исус им одговори и рече: „Зар не се лажете, бидејќи не ги познавате ни Писмата, ниту силата Божја? (Марко 12:18-24)**

Прво, колку смешно прашање, зарем не? Сценариото кое му го опишуваат на Господ Исус слободно може да се искористи за да се сними некој холивудски филм. Но, денес христијаните имаат слични потешкотии кога се соочуваат со оние кои не веруваат во Светото Писмо. Многу е тешко да се зборува за Бог, со луѓе кои не веруваат во Светото Писмо. Но, многу често таквите најмногу зборуваат за теми поврзани со Бог, постоењето, гревот, вечноста и сл. Токму такви се и садукеите!

Господ Исус им вели: „Вие садукеите имате два проблеми: не го познавате Писмото, а не ја познавате ниту Божјата сила.“ И потоа продолжува и го одговара нивното прашање.

> **А Исус им одговори и рече: „Зар не се лажете, бидејќи не ги познавате ни Писмата, ниту силата Божја? Зашто, кога ќе воскреснат од мртвите, ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат, туку се како ангели на небесата. (Марко 12:24-25)**

Ова не значи дека мажот и жената кои се во брак, нема да живеат заедно на небото. Според мене, поентата е дека таму животот нема да биде сосема ист како тука на земјата, и луѓето нема да основаат домови и да одгледуваат деца. Тоа е тоа што Господ Исус сака да им го каже. Потоа, продолжува и вели:

> **А за мртвите, дека ќе воскреснат, не сте ли читале во книгата на Мојсеј, како му рече Бог кај капината: ‚Јас сум Бог Авраамов, и Бог Исаков, и Бог Јаковов‘? Но Тој не е Бог на мртвите, туку Бог на живите. Вие, пак, многу се лажете!“ (Марко 12:26-27)**

Садукеите не ја познаваат Божјата сила. Мојсеј не е мртов; Авраам не е мртов; Исак не е мртов. Нивните тела се закопани во Хеврон, но не се мртви. Тие се кај Бог, и сите христијани еден ден ќе бидат на истото место. Садукеите не очекуваа ваков одговор!

## НАЈВАЖНАТА ЗАПОВЕД

Следно, читаме за уште едно прашање кое му е поставено на Исус. Во стих 28 му пристапува еден од книжниците и го прашува која е најголемата заповед. Внимавајте што пишува во текстот:

> **Тогаш пристапи еден од книжниците, кој ги слушаше како се препираат и увиде дека Исус им одговараше добро, па Го запраша: „Која е прва од сите заповеди?“ А Исус му одговори: „Најважна од сите заповеди е: ‚Чуј Израеле! Господ, Бог наш, е еден Господ. (Марко 12:28-29)**

Во Исусовиот одговор ја читаме најважната доктринална изјава во Стариот Завет, која се наоѓа во Повторени Закони 6:4-5: „Господ, нашиот Бог, е единствен Господ, сакај Го Господа, твојот Бог, од сè срце, со сета душа твоја и со сите сили твои!“

> **Затоа, возљуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој разум, и со сета своја сила!‘ Ова е најважната заповед. (Марко 12:30)**

Патем, како да ја почитуваме и живееме оваа заповед? Можеби има некои луѓе кои ме слушаат, кои веруваат во Божјото постоење, но сметаат дека немаат потреба од Спасител. На таквите им го поставувам следното прашање: Дали го сакаш Бог со сето срце, сиот ум и сета душа? Ако не, тогаш ти ги прекршуваш Неговите заповеди. Затоа ти е потребен Спасител! Мене ми е потребен Спасител бидејќи често не можам да живеам согласно Божјите заповеди. Колку би сакал да можев, но не можам. Го сакам Бог, но не колку што треба.

> **А втората е слична на неа: ‚Возљуби го својот ближен како себеси!‘ Друга заповед, поголема од овие, нема. (Марко 12:31)**

А што е со оваа заповед? Дали целосно ја живееш и практикуваш? Овие две заповеди се најголеми и најважни. Ако мислиш дека некогаш во иднина ќе можеш двете да ги практикуваш постојано, тогаш ќе можеш сам себе да се спасиш. Но, дотогаш - потребен ти е Спасител.

> **Книжникот Му рече: „Добро, Учителе. Право кажа дека Бог е еден, и дека нема друг, освен Него; и дека, да Го љубиш со сето срце, и со сиот разум, и со сета своја душа, и со сета сила, и да го љубиш ближниот свој како себеси е повеќе од сите прилози и жртви.“ Исус, пак, кога виде дека умно одговори, му рече: „Не си далеку од царството Божјо.“ (Марко 12:32-34а)**

Ако го преиспиташ својот живот и сфатиш дека не можеш постојано да живееш според овие заповеди, добрата вест за тебе е дека има Спасител! Поверувај во Него и твоите гревови ќе бидат простени! Описот на овој настан завршува со зборовите: *„Потоа никој веќе не се осмелуваше да Го прашува”* (Марко 12:34б).

## ИСУС МЕСИЈАТА

Но, сега дојде време Господ Исус да поставува прашања. Еве што им вели на фарисеите и книжниците:

> **И кога одговараше Исус, поучувајќи во храмот, рече: „Како тоа книжниците велат дека Христос е син Давидов, кога самиот Давид кажа преку Светиот Дух: ‚Му рече Господ на мојот Господ: седи од Мојата десна страна, додека не ги положам Твоите непријатели за подножје на нозете Твои!‘ И така, сам Давид Го нарече Господ; од каде тогаш да Му е Тој син?“ И многу народ Го слушаше со задоволство. (Марко 12:35-37)**

Во семејството, синот е инфериорен во споредба со таткото во однос на неговиот авторитет. Живееме во време во кое општеството околу нас сака да нè убеди дека синот е супериорен во однос на таткото. Но, тоа не е вистина. Ако синот е инфериорен во авторитет во споредба со таткото, како може Давид да го нарече неговиот праправнук Господ? Тоа можел да го стори само затоа што неговиот праправнук ќе биде отелотворениот Господ. Со ова, барем за момент, Исус ги замолкнува Неговите непријатели.

„И многу народ го слушаше со задоволство” се вели во стих 37. Ќе продолжам со читање на библискиот текст:

**И им рече потоа во Својата поука: „Чувајте се од книжниците, кои сакаат да одат во долги облеки и да ги поздравуваат по улиците, и заземаат предни седишта во синагогите, како и први места на гозбите. Тие, што ги подјадуваат домовите на вдовиците и лицемерно долго се молат, ќе бидат потешко осудени. (Марко 12:38-40)**

Со други зборови, привилегијата подразбира одговорност. Со овие зборови, Исус директно ги соочува религиозните водачи со нивните недостатоци.

## ДОБРОВОЛНИОТ ПРИЛОГ НА ВДОВИЦАТА

Доаѓаме до последниот настан од оваа глава. Исус зборува за богоугодната дарежливост додека го коментира делото на вдовицата која остава прилог во касата во храмот. Ова е одличен завршеток на оваа глава од Евангелието. Внимавајте на текстот:

**Па седна Исус спроти ковчежето и гледаше како народот пушта пари во него. Мнозина богати пуштаа многу. (Марко 12:41)**

Исус седнува за да ги гледа луѓето како даваат добоволни прилози во храмот. Некој можеби ќе праша: „Кој му дозволил да го прави тоа?“ Одговорот е: никој. Но, Господ Исус до ден денешен гледа, дури и кога луѓето го даваат својот доброволен прилог за црквата. Тој гледа, но не му е важно колку даваме, туку со каков став во срцето даваме и колку од тоа што го имаме го задржуваме за себе.

**И кога дојде една бедна вдовица, пушти две лепти, што изнесува еден кодрант. (Марко 12:42)**

Вдовицата пушта само две лепти. Другите оставаат поголеми прилози, и затоа некој може да помисли дека тие даваат најмногу. Добро е кога некој богат ќе почне да дава пари за Божјата работа, бидејќи богатите луѓе даваат изобилно. Но Господ Исус не ги пофалува нив. Вредноста на двете лепти е многу мала во споредба со тоа што го даваат другите луѓе. Меѓутоа, забележете што прави Христос. Зборува за тие две лепти како за нешто многу повредно од сè што богатите луѓе дадоа заедно. Зошто? Затоа што вдовицата не задржа ништо за себе, туку сè што имаше го даде во храмот. Тоа е начинот на кој Господ ја проценува нашата дарежливост!

Денес некои христијани прашуваат: „Треба ли да даваме десеток во црквата?“ Моето прашање за таквите е: колкав дел од своите пари ги задржувате за себе? Не е важно колку давате. Не мора да давате десеток. Но, имам уште едно прашање за вас: колку навистина го сакате Бог? Искрено, мислам дека има луѓе кои треба да даваат многу повеќе од десет проценти од своите примања. Некои кои заработуваат многу пари треба да даваат и 50% од нивните примања за Бог.

Господ Исус внимателно ги гледа луѓето додека даваат. Не е важно колку даваат, бидејќи сумата која вдовицата ја пушти во касата е многу мала. Дури и таа да не ги оставеше тие пари, немаше да има голема разлика во крајната пресметка на прилози дадени во храмот. Но, Исус вели дека таа даде повеќе од сите останати!

Со ова, ќе го завршиме нашето денешно проучување.